Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 17.11.2022

На 16.11.2022 во 21.15 часот, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар и Единицата за внатрешни работи Карпош ги лишиле од слобода А.И.(24) и В.А.(20), двајцата од Скопје. Тие се сомничаат дека на 16.10.2022 одделе пари од спортска обложувалница на ул.„Митрополит Тедосиј Гологанов", на 21.10.2022 со употреба на подесен алат и физичка сила влегле во црквата „Св.Богородица" на кеј „Димитар Влахов" и одделе пари, на 01.11.2022 на ул.„11 Октомври" со употреба на физичка сила од женско лице од Скопје одделе паричник, а на 14.11.2022 во подгорски гаражи на ул.„Кузман Јосифовски Питу" со закана и употреба на физичка сила од малолетника од Скопје одделе пари. Во службен разговор во полициска станица тие ги признае делата, а дел од одземените средства и предмети биле повратени и вратени на сопственците. По целосно документирање на случаите против них ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 16.11.2022 околу 14.30 часот на улица „Штипска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.С.(20), А.Б.(24) и А.Е.(18), тројката од тетовска Голема Речица, затоа што при нивен и преглед на патничко возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, била пронајдена и одземена марихуана. Притоа, Е.С. се однесувал агресивно кон полициските службеници кои вршеле службени дејства. Тројцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 17.11.2022 во 01.20 часот на подрачјето на Центар-Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 околу 12.00 часот на улица „Мара Угринова" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода М.А.(60) од Гостивар, затоа што кај него беа пронајдени и одземени хероин. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот и против него ќе следува поднесок.

На 16.11.2022 во 22.00 часот на автопат кај с.Иризово, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.И.(27) од с.Желино, тетовско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 во 12.30 часот на подрачјето на Центар-Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.А.(29) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 во 09.30 часот на подрачјето на Чаир-Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.И.(18) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 во 22.30 часот на подрачјето на Центар-Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Л.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 на ул.„Панко Брашнаров" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп лишиле од слобода 16-годишен малолетник од Прилеп, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16/17.11.2022 во периодот од 20.40 часот до 01.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода А.И.(22) и Б.Х.(33) од гостиварско Речане и К.Х.(21) од Република Албанија, поради сомнение за „пустошење на шума". Околу 21.00 часот во атарот на гостиварско Здунье, спроти локалниот пат за Лешница, К.Х. со моторно возило истоварил огревни дрва без потребните документи, а за тоа бил ангажиран од Б.Х.. Тројцата се задржани во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот.

На 17.11.2022 во 05.40 часот во с.Црвена Вода, скопско, полициски службеници од Полициската станица Драчево ги лишиле од слобода В.А.(50) од Скопје и Н.Л.(48) од с.Сара, скопско. При преглед во товарно возило „мерцедес" управувано од В.А., во кое сопатник бил Н.Л., биле пронајдени огревни дрва без потребната документација. Дрвата им биле одземени, а тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 во 22.50 часот во с.Лозово, светниколско, полициски службеници од ОВР Свети Николе го лишиле од слобода Д.М.(24) од Велес, затоа што кај него била пронајдена марихуана, а при приведувањето физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 16.11.2022 околу 16.00 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово кај Е.И.(18) од тетовско Боговиње пронашле и одделе нож. По документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок по Законот за оружје.

На 16.11.2022 во 18.15 часот на Граничниот премин Табановце, од слобода бил лишен М.Г.(35) од Република Србија, затоа што при извршената проверка било констатирано дека бил на стоп листа на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (16.11.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за сомнителните на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 315 возачи. Од нив 22 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 166 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 149 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (16.11.2022) продолжи со засилените акциски контроли во целата територија на Република Северна Македонија. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 174 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 17 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, девет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три мерки за некористење сигурносен појас...

На 16.11.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 25 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 11 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 2 за користење мобилен телефон, 2 за некористење сигурносен појас и 5 за непропишно паркирање.

На 16.11.2022 во 18.15 часот во Полициската станица Центар, З.А.(53) од Скопје пријавила дека во крутот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 16.11.2022 во 00.35 часот во Полициската станица Аеродром, Д.А.(18) од Скопје пријавил дека во трговски центар на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 16.11.2022 во 17.30 часот во СВР Тетово, Е.Д.(68) од Гостивар пријавил дека во Шеста станбена зона во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 16.11.2022 во ОВР Кичево, Л.Ц.(44) од кичевското село Долно Строгомите пријавил дека на улицата „Маршал Тито" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Денеска (17.11.2022) во 13.20 часот на ул.„Гарибалди" во населбата Шуто Оризари во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода А.И.(33) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба од Основен суд Скопје за издржување казна затвор од две години и шест месеци за спорно кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено - поправна установа за издржување на казната.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Т.(23) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изработка и употреба на лажна платежна картичка" по член 274-б од Кривичниот законик. Пријавеното, во текот на март 2022 година, противправно набавил банкарски податоци од вистинска платежна картичка и лични податоци од нејзиниот, по што ги употребил за вршење на 16 неовластени трансакции за купување/плаќање на разни услуги во вкупна вредност од 31.659 денари. На тој начин тој се стекнал со противправна имотна корист во тој износ.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против С.С.(23) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес во нејзиниот дом, извршен на 23.09.2022 со наредба да Основен суд Кавадарци, полициски службеници пронашле и одделе марихуана.

На 16.11.2022 во 20.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Т.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„Финска" бил каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против З.М.(17) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „тешка кражба". Тој делата ги извршил на 22.02.2022 и 11.08.2022 со насилно влегување во деловни објекти на подрачјето на Струга, при што одземал пари и други предмети.

На 16.11.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.Г.(21) од Скопје пријавил дека на 13.11.2022 околу 02.00 часот во угостителски објект на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.11.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, В.А.(68) од Скопје пријавил дека на ул.„Панко Брашнаров" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Куманово поднесе кривична пријава против Ѓ.К.(54) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност" во врска со „предизвикување опасност при градежни работи" и против правно лице од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување опасност при градежни работи". На 16.09.2022, пријавеното, како вршител на градежни работи, не обезбедите соодветни услови за работа при вршење на армирање и бетонирање на вработените во фирмата со која имале договор за подизведувачки работи и, во моментот додека вршеле бетонирање на метална конструкција, плоча/та полушила и се срушила, при што дадија да вработените кои биле на плочата паднале и се здобиле со тешки телесни повреди.

На 16.11.2022 во 11.00 часот во СВР Тетово, Х.Б.(69) од Тетово пријавил дека на улица „НА" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 16.11.2022 околу 14.40 часот во с.Студеничани, скопско, полициски службеници од Полициската станица Драчево ги лишиле од слобода А.М.(41) од с.Студеничани, затоа што околу 14.30 часот во магацинскиот простор од семејната фирма лоциран во с.Студеничани, скопско, по претходна расправија поради нерасчистени имотно-правни односи околу фирмата, од пиштол испукал еден куршум кон неговиот брат А.М.(39) од с.Цветово, скопско и му нанел телесна повреда. По целосно документирање случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 во 20.00 часот во Полициската станица Гази Баба Г.П.(64) од Скопје пријавил дека на ул.„Финска" бил каснат од куче скитник.

На 16.11.2022, по претходна пријава, полициски службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје извршиле контрола во продажен објект на подрачјето на Центар - Скопје. При контролата била пронајдена и одземена фалсификувана стока. Во координација со Јавен обвинител, против правниот субјект ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2022 во СВР Тетово, 44-годишност С.Ш. од гостиварско Беловиште пријавил дека неговата малолетна керка во близина на селското училиште била каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Л.(26) од село СРбиново, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 16.05.2021 на улица „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило, во кое бил пријавеното со уште едно лице, при што пронашле и одделе марихуана.

На 16.11.2022 во 18.45 часот во Полициската станица Центар, Д.М.(62) од с.Волково, скопско, пријавил дека околу 16.45 часот на подрачјето на Центар едно лице со закана му одзело мобилен телефон и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.11.2022 во ОВР Кичево, И.А.(66) од село Долно Строгомите, кичевско, пријавил дека на улицата „Партизански одреди" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Л.(43) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". На 12.10.2022, пријавеното - вработен во стационар за третирање на улични кучиња во Гостивар, од другу лице знаел за користење агрегат со цел да извршил работи во стационарот, но по завршување на работите пријавеното не постапил по договорот и одбивал да го врати агрегатот.

На 16.11.2022 во ОВР Кичево, Ф.Ф.(33) од селото Стрелци, кичевско, пријавил дека на ул.„Маршал Тито" во Кичево бил каснат од куче скитник.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет